СОВЕТ НА ОПШТИНА КИЧЕВО

Бр. 08-125/2

23.01.2025 година

К и ч е в о

**З А П И С Н И К**

Од одржаната 44-та редовна седница на Советот на Општина Кичево на ден 23.01.2025 година во просториите на Советот на Општина Кичево со почеток во 10 часот .

Седницата во 10 часот ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Кичево Скендер Џабири, а присутни беа и советниците: Ќамер Клоси, Дренуше Далипи, Филип Митрески, Михајло Данилоски, Виолета Спасеноска, Олгица Попоска, Игор Стојаноски, Даниела Попоска, Анто Трајаноски, Тефик Лутвиу, Валентина Лазаревска, Бојан Стојкоски, Иванчо Божиноски, Виктор Алексоски, Сибел Туфекџи, Абдула Сејдини, Фортеса Сејдини, Арѓент Асани, Рамазан Зулбеари, Миѓен Зендели, Неџби Дервиши и Валбона Адили Емини.

На седницата беа присутни и: Анета Настеска- Секретар на општината, Валдет Селими, Бурим Кадриу, Фисник Фејза -претставници од општинската администрација, како и новинар од ТВ ,,Ускана“.

За оваа седница **Претседателот на советот** го предложи следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1.Предлог Финансиски план за 2025 година во ЦОУ,,Кузман Јосифоски Питу“ Кичево.

2.Предлог Одлука за долгорочно домашно задолжување на Општина Кичево во рамки на Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП).

3.Предлог Буџетски Календар на Општина Кичево за 2025 г.

4. Предлог Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2025 година.

5.Предлог Програма за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кичево за 2025.

6.Предлог Програма за празници и одбележување на јубилејни настани и значајни датуми во Општина Кичево за 2025 година.

7.Предлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе измена на Урбанистички план за населба Девичо- дел донесен со Одлука на совет бр.07-1320/2 од 07.09.2000, за КП нр.5476/1 КО Кичево 9, во Општина Кичево.

8.Предлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе измена на Урбанистичка документација за населено место Стрелци донесена со одлука на совет бр.07-194/4-1 од 06.07.2001, за КП бр.1924/1 КО Стрелци во Општина Кичево.

9.Предлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе урбанистичка документација за КП бр.5412/1, КО Кичево вон гр. заради вклопување на бесправно изграден објект.

10.Предлог Одлука за отпочнување постапка за изработка на ДУП за инд. Зона ,,ПОДКРУШИНО“, УЕ ,,3“, Блок ,,3-5“-дел 1, Општина Кичево.

11.Предлог Одлука за отпочнување на постапка за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена А4.7-куќи за потребите на селскиот туризам на КП. Бр.666/4, КО Добреноец-Општина Кичево.

12.Разно.

**Михајло Данилоски**- Побара повлекување на шестата точка од предложениот дневен ред поради неодржување на Комисијата за празници и манифестации и доделување на општински признанија и награди. Информира дека Програмата била изработена без учество на граѓаните и релевантните институции. Истакна дека таа повеќе служела за политичка

промоција, а не за промоција на историските настани и од тие причини бара точката да се повлече од дневен ред за оваа седница.

**Абдула Сејдини**-Информира дека оваа програма била на дневен ред и претходната годната на седница но била повлечена. Истакна дека тој предложил амандман за програмата, а и советничката група која барала повлекување на ова точка предложила два амандмани со датуми и тие биле прифатени. Не знаел зошто бараат повлекување на точката. Информира дека советниците биле преставници на граѓаните и нив ги преставувале и дека програмата не била политичка промоција и запраша која за која политичка промоција мислел совеникот.

**Михајло Данилоски**- Информира дека веќе 4 години се советници и предходната година Советот не донел таква Програма. Истакна дека во програмата бил предвиден 24 Март- денот на соединувањето на руралните општини во една територијална единица соединета Општина Кичево, но тој датум го асоцирало на нешто друго. Исто така, бил предвиден и 17 Февруари -ден на независноста на Косово, кој бил празник на друга држава и ние не го празнуваме. Тој можел да го предложи 8 Мај ден кога ДУИ влегол во колалиција.

**Абдула Сејдини**- Информира дека 24 Март е датум кога е соединета Кичевската општина со сите рурални општини. Тогаш биле првите избори за територијално спојување на четирите во една општина и немало политичка конотација, туку нова територијална организација. Истакна дека тоа било значајно за сите и општина Кичево не била етнички поделена, туку е општина на сите кичевчани и амандманот бил за сите граѓани заедно да го слават. Во врска со 17 Февруари денот на независноста на Косово истакна дека независноста на Косово ја признала и државата и дека само Министерот Стоилковиќ не ја признава. Праша дали Михајло го признава Косово како независна држава или не.

**Михајло Данилоски**- Информира дека 17 Февруари е значајно за Косово и дека на 9 Октомври Македонија ја признала независноста на Косово. Истакна дека тоа не бил локален празник за да го празнува општината. Истакна дека на 21 Септември на празникот ,,Мала Богородица“ Другово станала општина, но не побарале да се празнува и тогаш имало

локални избори. Во 2004 година имало и референдум за да останат поранешните општини Другово, Вранештица, Зајас и Осломеј самостојни , но не успеал и немало потреба и тоа да се празнува.

**Абдула Сејдини**- Информира дека 24 Април бил значаен за општината. Тоа што Михајло е против соединувањето на општините било негов личен, а не општествен интерес. Истакна дека соединувањето на општините е реално и треба да се прифати и празнува. За Косово само Стоилковиќ не прифаќал, но и тие требало да ја прифатат реалноста. Информира дека преку амандмани можеле да предложат датуми и дека чекале и нивниот амандман да се усвои од советниците. Истакна дека биле прифатени во програмата и 11 Септември- денот на ослободувањето на Кичево и 23 Септември- денот на започнување со работа на првото училиште на македонски јазик во село Подвис. Не била оправдана причината да се повлече од дневен ред и сите датуми предложени во програмата требало да се прифатат.

**Дренуше Далипи**- Побара да се повлече од дневен ред првата точка истакнувајќи дека истата треба да се стави на дневен ред според статутот и деловникот за 6 месеци.

**Игор Стојаноски**- Информира дека и тој бара да се повлече од дневен ред шестата точка, бидејќи сметал дека треба да биде професионално изработена. Истакна дека требало да се држат кон неработните денови предвидени од Министерството за труд и социјала. Исто така, во програмата имало пропуст и во однос на висината на распоредените финансиски средства за празниците. Во член 9 од Статутот на општината стоело дека 11 Септември-ден на ослободувањето на Кичево е и празник на Општината, а за него биле предвидени 30 илјади денари, сума која била пет пати помала од сумата предвидена за други празници. На сајтот на општина Кичево имало табела кој и како е застапен и резидентното и нерезидентното население. Според пописот од 2021 год. Бошњаците ги имало 15 и тие биле застапени во програмата, додека Србите биле 70 и нивниот празник Свети Сава на 27 Јануари не бил внесен во програмата. Единствено Србите биле испуштени. Побара да се дополни тоа и Комисијата да ги разгледа средствата кои се предложени и тие да се предложат според тежината на празникот.

**Претседателот на советот**- Информира дека Михајло рекол дека во изработка на програмата не бил консултиран никој, но не е така, консултирани биле културните институции и тие со проекти треба да аплицираат и да се вклучат во програмата. Консултирани биле и културни здруженија за тоа кои празници да се празнуваат. Неприфатливо било дека оваа програма е етничка и нетреба да се манипулира со датуми кои можеби никој не ги знаел. Требало да знае дека и Албанците живеат заедно со нив и несмее да ги спречи идентитетот. Не требало да се мисли на разделби и поделби, туку сите заедно да живеат и датумите на било кој етникум не треба да ги попречуваат.  Да не се зафаќаат за работи кои не биле вредни, туку сите  да се почитуваат, а  не да има политика тука.

**Валентина Лазаревска**- Реплика на Дренуше за повлекувањето на првата точка, како да се повлече кога се донел  Буџетот. Финансискиот план влегува во Буџетот и не требало да се повлече, бидејќи бил во него. Програмата за празници требало да биде одраз на културно- историските традиции на општината. Вклучувањето на настани од други држави, можело да се смета за политичка пристрасност и требало да се фокусираат на настани кои ќе ги сплотат нашите граѓани.

**Дренуше Далипи**- Информира дека таа точка била на предходната седница и не се усвоила, сега требало да се усвои за 6 месеци. На општината и биле одземени  дел од надлежности во образованието и треба  да бараат да се донесе од министерството.

**Валентина Лазареска**- Информира дека надлежност била одземена за именување на Директор и давање согласност. Истакна дека училиштата биле поврзани и тоа можело да доведе до тоа да не земат плати сите училишта.

**Иванчо Божиноски**- Праша дали навистина неможеле да земат плата сите училишта.

**Бурим Кадриу**- Информира дека недонесувањето план за училиштето, можело да има импликација само за тоа училиште. Истакна дека само тоа училиште нема да може да се финансира, а не и другите училишта. Според Министерството за образование потребно било да се отстранат недостатоците кои ги има во планот и тој да се донесе на совет.

**Валентина Лазаревска**- Праша дали се сеќаваат при зголемување на вредноста на бодот, поради грешките во пресметките на бодовите на училиштата во Зајас и Другово и другите училишта не добиле плата.

**Бурим Кадриу**- Информира дека споредбата не е иста и немало соодветна пресметка тука, овде се работело за финансиски план и другите училишта ќе се финансирале.

**Претседателот на советот**- Информира дека има барање од Дренуше да се повлече првата точка од дневниот ред. Побара таа убаво да размисли, за да небидат тиа пречка за земање плата во училиштето.

Дренуше побара пауза од 5 минути. По паузата седницата продолжи.

Претседателот на советот ја повика Дренуше да се изјасни.

**Дренуше Далипи**- Информира дека стои на тоа првата точката од дневниот ред да се повлече.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување повлекувањето на првата точка од дневниот ред: Предлог Финансиски план за 2025 година во ЦОУ,,Кузман Јосифоски Питу" Кичево и истото се усвои со 14 гласа ЗА. 8 гласа ПРОТИВ.

Потоа, **Претседателот на советот** го стави на усвојување повлекувањето на шестата точка од дневниот ред: Предлог Програма за празници и одбележување на јубилејни настани и значајни датуми во Општина Кичево за 2025 година и истото не се усвои со 8 гласа ЗА. 12 гласа ПРОТИВ и 3 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување предложениот Дневниот ред за оваа седница со повлечената прва точка и истиот се усвои со 16 гласа ЗА. 7 гласа ПРОТИВ. ВОЗДРЖАНИ (нема).

Се премина на:

**2.ВТОРА ТОЧКА**: Предлог Одлука за долгорочно домашно задолжување на Општина Кичево во рамки на Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП)

**Бурим Кадриу**- Информира дека во ноември минатата година се донела таква Одлука, но времето за нејзино реализирање било кратко и сега било потребно повторно да се донесе  со наведени конкретни проекти во неа. Истакна дека се работи за два проекти и тоа  за ОУ ,,Санде Штерјоски" и ОУ,,Владимир Полежиноски" и средствата требало да се отплатат за 6 години од кои 1 година грејс период.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за долгорочно домашно задолжување на Општина Кичево во рамки на Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП) и истата се усвои со 23 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема).  ВОЗДРЖАНИ (нема).

**3. ТРЕТА ТОЧКА**: Предлог Буџетски Календар на Општина Кичево за 2025 г.

**Бурим Кадриу**- Информира дека во Буџетскиот календар се предвидени датумите на активностите во врска со изготвувањето и реализацијата на Буџетот.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлог Буџетскиот Календар на Општина Кичево за 2025 г. и истиот се усвои со 23 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема).  ВОЗДРЖАНИ (нема).

**4.ЧЕТВРТА ТОЧКА**:  Предлог Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2025 година

**Бурим Кадриу**- Информира дека се работи за утврдување на вредноста на бодот согласно законските прописи и ја образложи Одлуката.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2025 година и истата се усвои со 23 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема).  ВОЗДРЖАНИ (нема).

**5. ПЕТТА ТОЧКА**: Предлог Програма за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кичево за 2025

**Фисник Фејза**- Информира дека според законот е потребно да се изготви таква програма и истата им е доставена. Истакна дека во програмата се додадени три дополнителни точки и дополната им е доставена на советниците.

**Михајло Данилоски**- Побара реализацијата на програмата за уредување да биде поголема. Праша до каде е изградбата на фекалната канализација во која биле вклучени Другово, Премка Зајас и др.

**Фисник Фејза**- Информира дека Програмата е сеопфатна и во неа се вклучени проекти кои се од значање за граѓаните. Истакан дека го изготвиле проектот за канализацијата, аплицирале и добиле грант. Министерството за финансии одлучувало за тоа до каде била реализацијата. Побара за одговор да се обрати до таму и до Министерството за животна средина.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кичево за 2025 и истата се усвои со 23 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**6.ШЕСТА ТОЧКА**: Предлог Програма за празници и одбележување на јубилејни настани и значајни датуми во Општина Кичево за 2025 година

**Игор Стојаноски**- Информира дека во Програмата немало соодветна застапеност на етничките заедници. Истакна дека има забелешка на јубилејот на Призренска лига, бидејќи се коси со уставните одредби на нашата земја. Незнаел дали сите знале зошто се празнува. Во Програмата пишувало дека била политичка и воена организација и дека тој настан е значаен за Република Албанија. Информира дека сме во Република Македонија, а не во Албанија и затоа барал да се повлече програмата. Не знаел зошто тоа било вметнато во програмата. И за 17 Февруари, зошто една суверена држава призната од многу држави да слави независност од друга држава. Исто така, за финансиската распределба на средствата смета дека се произволно наметнати. Негде имало поголеми суми, а негде помали, како што се на пр. за одбележување на 8 Септември, 11 Септември итн. Истакна

дека 8 Септеври е празник на независноста на нашата држава и треба да се празнува и затоа  е потребно да се издвојат повеќе средства.

**Абдула Сејдини**- Реплика за колегата за 10 јуни, Јубилејот на Призренската лига. Информира дека е потребное да се има соживот. Призренската лига била основана 1878 год. кога не сме постоеле, тогаш било кралство. Ги повика советниците да не се делат со датумите, туку да се солидизираат. Ако тоа не се подржало се навлагало во албанскиот етникум. Потребно било сите заедно да работат и да се подржуваат.

**Игор Стојаноски**-Информира дека ништо од тоа симтоматично не рекол и не спомнал поделба. Истакна дека 3 години барал банерите за добредојде на странците да се поставуваат и на македонски јазик. Секогаш убаво се однесувал и бил за соживот. Само прочитал дел од Програмата. Цитира: ,,Овој настан е значаен за националната историја на  Албанија". Истражувал вчера на интернет и видел дека тој датум не бил предвиден ни во Албанија за прослава. Информира дека тој датум не бил во согласност со Уставот на нашата земја и побара правните служби да истражат за тоа и да го корегираат ако не е така.

**Абдула Сејдини**- Информира дека нема сомнение за тоа, туку сомнението е за 1878 г. и не требало да се зафаќаат со тоа, бидејќи немало солидизирање со албанскиот народ.

**Иванчо Божиноски**- Информира дека дискусијата заминала во друга насока и требало да се внимава на соживотот во Кичево. Како советници испраќале лоша порака и требало да внимаваат што зборуваат, бидејќи тука имало и медиуми кои го прателе тоа. Денот на албанското знаме, датум на првото училиште на албански јазик го прифаќаат. За одбележување на независноста на Косово одлучувала Владата, а не тие. Истакна дека како советничка група од СДСМ ќе дадат подршка на Програмата доколку се исфрлела Призренската лига од неа, а во спротивно не.

**Михајло Данилоски**- Информира дека согласно член 172 од Деловникот до советот писмено поднесува 5 амандмани од советничката група на ВМРО-

ДПМНЕ и согласно член 174 од истиот Деловник побара прекин на седницата за да тие се разгледаат. Побара 10 јуни, 17 февруари и 24 Март да се тргнат од Програмата и во Програмата да се стават 8 Декември, 8 Март и 23 Октомври. Истакна дека согласно член 41 став 3 од Законот за Локална самоуправа за прашања од културата да се гласа со бадинтер.

**Претседателот на советот** – Информира дека амандманите требало навреме да се достават, сега ќе ги прочита и стави на усвојување.

Амандман 1

Дополна на програмата со 23 Октомври-Ден на Македонската револуционерна борба

Амандманот беше прочитан од страна на Претседателот на советот, напоменувајќи дека за негово одбележување се предлагаат 100.000 денари.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување предложениот амандман и иситиот не се усвои со 8 гласа ЗА. 12 гласа ПРОТИВ. 3 гласа ВОЗДРЖАНИ.

Амандман 2

Дополна на програмата со 8 Декември- Св. Климент Охридски

Откако го прочита значењто на празникот, **Претседателот на советот** го стави на усвојување и истиот не беше усвоен со 10 гласа ЗА.12 гласа ПРОТИВ. 1 глас ВОЗДРЖАН.

Дополна на програмата со 8 Март- Меѓународен ден на жената

Откако беше прочитано за него, **Претседателот на советот** го стави на усвојување и истиот не беше усвоен со 11 гласа ЗА. 12 гласа ПРОТИВ. ВОЗДРЖАНИ (нема).

Амандман 3

Измена на програмата: 17 Февруари-Ден на независноста на Косово, да не стои во програмата

Откако беше прочитан амандманот, **Претседателот на советот** го стави на усвојување и истиот не беше усвоен со 8 гласа ЗА. 12 гласа ПРОТИВ. 3 гласа ВОЗДРЖАНИ.

Амандман 4

Измена на програмата: 24 Март- Денот на соединувањето на руралните општини во една територијална единица-соединета општина Кичево, да се тргне од програмата

По прочитувањето на амандманот, **Претседателот на советот** го стави на усвојување и истиот не се усвои со 8 гласа ЗА. 12 гласа ПРОТИВ. 3 гласа ВОЗДРЖАНИ.

Амандман 5

Измена на програмата: 10 Јуни-Јубилеј на Призренската лига, да не биде во програмата.

**Претседателот на советот**, откако го прочита амандманот го стави на усвојување и истиот не беше усвоен со 11 гласа ЗА. 12 гласа ПРОТИВ. ВОЗДРЖАНИ (нема).

**Игор Стојаноски**- Информира дека оваа програма е дел од програмата за култура. Според податоците од последниот попис на населението од 2021 г. кои табеларно се прикажани на сајтот, во Општина Кичево од вкупното резидентно население 353 Албанци се повеќе од Македонци. Во член 41 став 3 од Законот за Локална самоуправа стои, цитирам: ,,Прописите кои се однесуваат на културата, употребата на јазиците и писмата на кои зборуваат помалку од 20% од граѓаните во општината, утврдувањето и употребата на грбот и знамето на општината, се усвојуваат со мнозинство гласови од присутните членови на советот, при што мора да има мнозинство гласови од

присутните членови на советот кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско население во општината.“ Бидејќи, според пописот Македонците не се мнозинско население, замоли да се земе тој член во предвид.

**Михајло Данилоски**- Побара да се гласа по бадинтер, согласно член 41 став 3 од Законот за Локална самоуправа, бидејќи таа програма е од културата.

**Претседателот на советот** -Информира дека не прифаќа и ја стави на усвојување Предлог Програмата за празници и одбележување на јубилејни настани и значајни датуми во Општина Кичево за 2025 година и истата се усвои со 12 гласа ЗА. 11 гласа ПРОТИВ. ВОЗДРЖАНИ (нема).

Претседателот на советот даде пауза од 5 минути. По паузата седницата продолжи.

**Михајло Данилоски**- Информира дека поради непочитување на член 41 став 3 од Законот за Локална самоуправа советничката група од ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата ќе ја напушти седницата.

Советниците од ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата ја напуштија седницата.

**Абдула Сејдини**- Информира дека во историјата на формирањето на овој совет, предлагачот на амандманот ја напушта седницата и нема да гласа.

**Петседателот на советот**- Информира дека тој бил во право, но сепак тоа било нивно право.

**7.СЕДМА ТОЧКА**: Предлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе измена на Урбанистички план за населба Девичо- дел донесен со Одлука на совет бр.07-1320/2 од 07.09.2000, за КП нр.5476/1 КО Кичево 9, во Општина Кичево

**Фисник Фејза**- Информира дека од 7-11 точка се од областа на урбанизмот. Истакна дека тука се работело за легализација на објект кој бил надвор од урбанистички план. Потребно било да се донесе Одлука на совет за да тој се вклопи.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката со која се утврдува дека ќе се донесе измена на Урбанистички план за населба Девичо- дел донесен со Одлука на совет бр.07-1320/2 од 07.09.2000, за КП нр.5476/1 КО Кичево 9, во Општина Кичево и таа се усвои со 14 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**8.ОСМА ТОЧКА**: Предлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе измена на Урбанистичка документација за населено место Стрелци донесена со одлука на совет бр.07-194/4-1 од 06.07.2001, за КП бр.1924/1 КО Стрелци во Општина Кичево

**Фисник Фејза**-Информира дека се работи за легализација на објекти кои се надвор од урбанистички опфат.

**Иванчо Божиноски**- Праша дали се работи за легализација на објекти кои се на приватна сопственост.

**Фисник Фејза** – Информира дека во 7, 8 и 9 точка се работи за приватни парцели.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката со која се утврдува дека ќе се донесе измена на Урбанистичка документација за населено место Стрелци донесена со одлука на совет бр.07-194/4-1 од 06.07.2001, за КП бр.1924/1 КО Стрелци во Општина Кичево и истата се усвои со 14 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ(нема) .

**9.ДЕВЕТА ТОЧКА:** Предлог Одлука со која се утврдува дека ќе се донесе урбанистичка документација за КП бр.5412/1, КО Кичево вон гр. заради вклопување на бесправно изграден објект

**Фисник Фејза**- Информира дека се работи за легализација на објекти и за него имало и елаборат. Потребно било да се донесе уште Одлука од совет.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката со која се утврдува дека ќе се донесе урбанистичка документација за КП бр.5412/1, КО Кичево вон гр. заради вклопување на бесправно изграден објект. и истата се усвои со 14 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема) .

**10.ДЕСЕТА ТОЧКА**: Предлог Одлука за отпочнување постапка за изработка на ДУП за инд. Зона ,,ПОДКРУШИНО“, УЕ ,,3“, Блок ,,3-5“-дел 1, Општина Кичево

**Фисник Фејза**- Информира дека се работи за предлог за отпочнување на постапка за изработка на ДУП во ,,ПОДКРУШИНО“. Било во зона Б и е во приватна сопственост и се работи за негово самофинансирање, а не од општината.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за отпочнување постапка за изработка на ДУП за инд. зона ,,ПОДКРУШИНО“, УЕ ,,3“, Блок ,,3-5“-дел 1, Општина Кичево и истата се усвои со 14 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**11. ЕДИНАЕСЕТА ТОЧКА**: Предлог Одлука за отпочнување на постапка за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена А4.7-куќи за потребите на селскиот туризам на КП. Бр.666/4, КО Добреноец-Општина Кичево

**Фисник Фејза**- Информира дека според Законот за урбанистичко планирање имало барање од приватно лице кое ќе финансирало за тоа.

**Иванчо Божиноски**- Информира дека се работи за Рибникот во с. Добреноец и се барало проширување на паркингот, тоа требало да му се одобри.

**Фесник Фејза**- Информира дека покрај паркингот се предвидувало и изградба на викенд куќи за развој на агротуризам.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за отпочнување на постапка за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена А4.7-куќи за потребите на селскиот туризам на КП. Бр.666/4, КО Добреноец-Општина Кичево и истата се усвои со 14 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

**12.ДВАНАЕСЕТА ТОЧКА:** Разно

Претседателот на советот ги прочита пристигнатите барања.

1.Барање од МЗ Лешница за асфалтирање на пат од место викано ,,Ревир“ до стадионот на с. Лешница во должина од 800 метри.

Претседателот на советот информира барањето да се достави до Секторот за комунални дејности.

2. Барање од жителите од стамбена зграда на улица ,,Мито Јовески“ бр.5 за решавање на проблем со нивелацијата на бекатон плочки и одводнувањето пред стамбена зграда, поради собирање на водата при врнежи од дожд и нејзино влегување во подрумските простории.

Се одлучи барањето да се реши.

3.Барање од Здружение на граѓани на МЗ Белица во врска со поднесен Основен проект за изградба на линиска инфраструктурна градба и спроведување дел од проектот т.е. изградба на мост и преасфалтирање на постоечките улици и нивните краци како и изградба на потпорен ѕид во наредна фаза.

Се одлучи барањето да се достави до Секторот за комунални дејности за понатамошно постапување.

4. Барање од МЗ Премка за санација на патот во с. Премка и тоа: тампонирање на патот на најоштетените делови, асфалтирање на целиот патен правец, поставување на соодветна сигнализација и одбележување, завршување на изградбата на фекалната канализација и изградба на одводен канал покрај патот за спречување на понатамошна ерозија и оштетување.

5. Барања од МЗ Грешница:

1.Барње за асфалтирање на пат од ОУ,,Фаик Коница“ до место викано ,,Ревир“ со ширина од 5 метри после завршувањето на канализацијата и

2.Проекција и реализација на потпорен ѕид кај џамијата во населба ,,Аликуртај“.

Се одлучи барањето да се реализира.

Бидејќи, никој друг не се јави за збор, а со тоа беше исцрпен и дневниот ред за оваа седница, Претседателот на советот ја затвори седницата во 12 часот и 30 минути.

Совет на општина Кичево

| | |
|---|---|
| Записничар | Претседател |
| Ленче Србиноска | Скендер Џабири |